ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-860/1
Прилеп 21.04.2026 год.

# ИЗВЕШТАЈ
## за вршење на контроли над управувањето на Тутунски комбинат АД Прилеп согласно член 480 од Законот за трговски друштва

Неизвршните членови на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп во остварување на законската и статутарната надлежност за увид и контрола на работењето на извршните директори, на седниците на Одборот на директори во текот на 2025г. се залагаа за целосно почитување на законските прописи, статутот и другите акти на друштвото.

Контролата над работењето и управувањето со Тутунски Комбинат АД Прилеп беше вршена континуирано во сите сегменти од работењето на друштвото (откуп, обработка и продажба на тутун, производство на цигари, набавки на стоки и услуги) и неизвршните членови на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп учествуваа во носење на одлуки кои се во надлежност на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Контролата над управувањето со друштвото за деловната 2025г. е вршена врз основа на задолжувања на стручни лица и служби во друштвото, во деловите каде што органот на надзор имаше потреба да ги врши ваквите контроли. Овие контроли беа перманентни и континуирано правени во текот на целата 2025г.

Посебен акцент беше ставен на финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2025г. Ревизорската куќа, Друштво за ревизија Пелагониска ревизорска куќа ПЕРК ДООЕЛ Прилеп беше избрана од Собранието на акционери на АД Прилеп да изврши контрола на финансиските извештаи на друштвото за деловната 2025г. Паралелно со преземените дејствија на независниот ревизор, беа формирани пописни комисии кои што имаа за задача да ја констатираат фактичката состојба на имотот и паричните средства на Тутунски комбинат АД Прилеп со состојба 31.12.2025г.

Видно од ревизорскиот извештај изготвен од ревизорската куќа Друштво за ревизија Пелагониска ревизорска куќа ПЕРК ДООЕЛ Прилеп дадено е следното мислење:

"Според нашето мислење со исклучок на ефектот од прашањето опишано во делот основа за мислење со резерва од нашиот извештај, приложените финансиски извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на Тутунски Комбинат АД Прилеп на 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија.

Основа за мислење со резерва

Како што е наведено во Белешка 30 – залихи, приложена кон финансиските извештаи на Друштвото, истото, на 31 декември 2025 година има евидентирано залихи во вкупен износ од 1.126.110 илјади денари од кои на залихи на резервни делови отпаѓа износот од 104.330 илјади денари. Најголем дел од овие залихи се однесуваат на резервни делови за машини и постројки кои повеќе не се во употреба, така што согласно спроведените ревизорски постапки е констатирано дека истите се застарени и неупотребливи. Друштвото нема спроведено соодветни постапки за проценка на вредноста на овие залихи согласно МСС 2 и истите да ги евидентира по пониската од набавната односно од нето реализационата вредност. Поради погоре наведеното како и поради природата и специфичноста на овие залихи ние не бевме во можност да го квантифицираме износот на нивното оштетување кое има влијание врз финансиските извештаи на Друштвото.

Материјална неизвесност поврзана со континуитет

Без да го модифицираме нашето мислење, ние обрнуваме внимание на Белешка 2.1.1 –

Претпоставка за неограничен континуитет во работењето на Друштвото во која се укажува дека финансиските извештаи на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 година се подготвени врз претпоставката за неограничен континуитет во работењето.

Во април 2014 година е склучен договор за стратешко партнерство со компанијата, во кој договор се прецизира стратегијата на работење и развојот на Тутунски Комбинат АД Прилеп. Во текот на 2014 година Друштвото склучи Договор за заедничко вложување со Philip Morris International Management SA, Lausanne, Switzerland, при што беше формирано ново заедничко друштво под името Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп ДОО Скопје. Дејноста на ова друштво е трговија на големо со производи од тутун. Ова друштво е ексклузивен носител на лиценцните права и на правата за користење и организирање на производството и дистрибуцијата на тутунски производи со брендови на двете друштва.

Менаџментот на Друштвото очекува дека ова стратешко партнерство ќе обезбеди долгорочна одржливост на производство на тутунски преработки.

Погоре склучениот Договор е со рок на важност од 10 години и истиот автоматски се продолжува за последователен едногодишен период, освен ако е поништен од страна на содружник со најмалку 6 месечно претходно дадено известување, согласно член 11 од истиот. Менаџментот оценува дека принципот на неограничен континуитет во работењето на Друштвото

применет при подготовка на овие финансиски извештаи е соодветен, особено поради фактот што склучениот договор со Филип Морис за деловно – техничка соработка, континуирано производство и продажба на цигари преку системот на лон – производство се почитува а се остварува преку заедничкиот основаното друштвото Филип Морис Тутунски Комбинат Прилеп ДОО Скопје.................................."

| "Клучно ревизорско прашања | Како нашата ревизија го адресираше клучното ревизорско прашање |
|---|---|
| Трансакции со поврзани страни<br>Друштвото остварува значителен дел од своите приходи преку трансакции со поврзани страни, особено со поврзаното друштво **ФМТКП**. Овие трансакции вклучуваат приходи од услуги за производство на цигари и филтер стапчиња, приходи од лиценцни надоместоци за користење на брендови, како и приходи од наем на магацински простор во вкупен износ од 209.441 илјади денари со положба на 31 декември 2025 година. Дополнително, Друштвото остварува приходи од продажба на тутун на стратешкиот партнер **Philip Morris International** во вкупен износ од 596.362 илјади денари.<br>Во делот на расходите, Друштвото има трансакции со поврзани страни кои се однесуваат на наем на опрема со варијабилен надомест | Нашите постапки вклучуваат меѓу другото:<br>• Разбирање на поврзаните страни преку добивање на информации за истите од страна на раководството,<br>• Преглед на склучени договори (лиценцарина, наем и сл.),<br>• Тестирање на примерок од трансакциите за усогласеност со договорените услови,<br>• Проверка на евиденцијата на трошоците за тутун и шкарт на репроматеријали,<br>• Аналитички постапки за проценка на значајноста на трансакциите со поврзаните страни,<br>• Оценка на обелоденувањата согласно барањата на МСС 24 - Обелоденувања за поврзани страни, |
| согласно договор, како и трошоци поврзани со шкарт на репроматеријали и тутун во вкупен износ од 41.204 илјади денари со положба на 31 декември 2025 година.<br>Овие трансакции имаат материјално влијание врз финансиските извештаи и се базираат на специфични договорни односи. Поради нивната природа постои зголемен ризик како и можност за нецелосно или несоодветно обелоденување во финансиските извештаи.<br>Поради наведеното, ова прашање е определено како клучно ревизорско прашање.<br>Белешка 38 – Трансакции со поврзани страни | • Добивање конфирмации од поврзани страни" |

Почитувајќи ја законската обврска во Тутунски комбинат АД Прилеп функционира Служба за внатрешна ревизија и во истата професионално се вработени раководител на службата за внатрешна ревизија и внатрешен ревизор, кои што постапуваат согласно законските обврски и истите изготвија Годишен извештај бр.11-527/1 од 17.03.2026г. за извршените контроли согласно член 415-в од Законот за трговските друштва кој се доставува до Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Службата за внатрешна ревизија во текот на 2025г. изврши 5 (пет) редовни ревизии со даден опис при вршење на конкретните ревизии и издаден наод, сугестии и мислења за понатамошното работење на друштвото и изготви извештаи за истите и тоа:

- Ревизија „Контрола на поставеност на информатичкиот систем“ со извештај бр.11-1330/1 од 25.07.2025 година;
- Ревизија „Контрола на усогласеност“ со извештај бр.11-1362/1 од 04.08.2025 година ;
- Ревизија „Контрола на успешност на работењето“ со извештај бр. 11-1453/1 од 27.08.2025 година;
- Ревизија „Оцена на спроведување на политиките за управување со ризици“ извештај бр.11-1780/1 од 22.10.2025 година;
- Ревизија „Оцена на веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи“ извештај бр.11-2387/1 од 22.12.2025 година.

Исто така вработените во Службата за внатрешна ревизија во текот на 2025г. присуствуваа и на отворање на понуди за набавки по објавени јавни повици во друштвото и тоа:

- Јавен повик за избор на фирма за набавка на услуга – хоризонтална обработка на необработен ориентален тутун тип „Прилеп“ реколта 2024 година и реколта 2025 година со јавно отварање на понудите на ден 15.01.2025 година;

- Јавен повик за избор на фирма за снабдување и продажба на електрична енергија за период од 01.06.2025 година до 31.05.2026 година со јавно отварање на понудите на ден 25.04.2025 година;
- Јавен повик за избор на понуда за набавка на амбалажни картонски кутии со јавно отварање на понудите на ден 31.10.2025 година;
- Јавен повик за избор на фирма за превоз на тутун од реколта 2025 година од откупни пунктови до магацини на Тутунски Комбинат АД Прилеп со јавно отварање на понудите на ден 04.11.2025 година;
- Јавен повик за избор на понуда за набавка на компримиран природен гас – метан за 2026 година со јавно отварање на понудите на ден 16.12.2025 година.

Вработените во Службата за внатрешна ревизија изготвија и доставија до Одборот на директори на Тутунски Комбинат АД Прилеп согласно законските одредби и Полугодишен извештај за 2025 година број 11-1340/2 од 29.07.2025 година кој беше разгледан и усвоен во целост.

Врз основа на сите извршени контроли и Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на приложените финансиски извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2025г. во согласност со Меѓународните стандарди согласно член 480 став 3 од Законот за трговските друштва, неизвршните членови на Одборот на директори предлагаат до Собранието на акционери, Годишната сметка и финансиските извештаи за Тутунски комбинат АД Прилеп да бидат одобрени од Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп.

**Одбор на директори**
**на Тутунски комбинат АД Прилеп**

Неизвршен член
Гоце Николоски

---------------------------------

Неизвршен член
Афродита Баталоска

---------------------------------

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

Неизвршен независен член
Александар Кузманоски

---------------------------------

Неизвршен независен член и
Претседател на Одбор на директори
Сашко Вељаноски

---------------------------------

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.

Бр. 11-527/1
Прилеп 17.03.2026 год.

Врз основа на член 415 -а и член 415-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва и Годишниот план за работа бр. 11-683/1 од 24.04.2025 година, Службата за внатрешна ревизија на Тутунски Комбинат АД Прилеп поднесува Годишен извештај за нејзиното работење за 2025 година, како што следи:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Извештајот на работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година, ги содржи следните информации:

- Опис на извршените ревизии на работењето на друштвото
- Утврдување на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола,
- Проверка на точноста, веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи,
- Проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно прописите,
- Останати активности на Службата за внатрешна ревизија во текот за периодот, на кој се однесува овој извештај

Опис на извршените ревизии на работењето на Друштвото

-Редовни ревизии

Во текот на 2025 година Службата за внатрешна ревизија на ТК АД Прилеп ги реализираше предвидените активности согласно усвоениот Годишен План за работа за 2025 година од страна на Одборот на директори, кој се базираше на проценка на ризикот на работењето, оценка на степенот на спроведливост на обврските по донесени одлуки, ослободеноста на финансиските извештаи од материјално значајни грешки и за секоја спроведена редовна ревизија поединечно изготви извештаи за превземените активности, со мислење или сугестии и преку архивата на Тутунски комбинат АД Прилеп, ги достави до Одборот на директори и тоа како следи:

- „Контрола на поставеност на информатичкиот систем" извештај бр.11-1330/1 од 25.07.2025 година;
- „Контрола на усогласеност" извештај бр.11-13621 од 04.08.2025 година ;
- „Контрола на успешност на работењето" извештај бр. 11-1453/1 од 27.08.2025 година;
- „Оцена на спроведување на политиките за управување со ризици" извештај бр.11-1780/1 од 22.10.2025 година;
- „Оцена на веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи" извештај бр.11-2387/1 од 22.12.2025 година.

-Вонредни ревизии

Во текот на 2025 година Службата за внатрешна ревизија не доби задачи од Одборот на Директори, за спроведување на вонредна ревизија.

Службата за внатрешна ревизија ги спроведуваше своите активности во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија и политиката и процедурите за работење на службата, интерните акти на Друштвото и законските прописи. Извештаите од извршените ревизии за 2025 година редовно беа доставувани до Одборот на директори, истите беа разгледувани и во целост беа прифатени. При вршењето на ревизиите не се пронајдени одредени пропусти кои би можеле материјално значајно да влијаат на финансиските извештаи и на имотот на друштвото.

-Оцена на реализацијата на поставените цели со Годишниот план за работа

При спроведување на редовните ревизии, Службата за внатрешна ревизија навремено и успешно ги реализира поставените цели согласно Годишниот план за работа за 2025 година и за таа цел тековно остваруваше соработка со одговорните стручни лица наведени во самите извештаи и остваруваше контакти со компетентни лица заради запознавање со работните процеси во Друштвото, доставувана беше целокупната потребна документација, се со единствена цел за успешно реализирање на зададените редовни ревизии.

-Оцена за планираното време за контрола и евентуалното отстапување

Службата за внатрешна ревизија реализира пет редовни ревизии иако согласно Годишниот план за работа за 2025 година предвидени се шест редовни ревизии, од причина што настана промена во раководството на Службата за внатрешна ревизија, односно за Раководител на Службата за внатрешна ревизија, со Одлука број 02-10/4 од 27.05.2025 година донесена од Одборот на директори се назначи Мариетка Нешкоска. Од тие причини, Извештајот „Контрола на адекватноста на системот за внатрешна контрола" кој беше предвиден да се реализира во 04 и 05 месец 2025 година согласно Годишниот план за работа, не се реализира. Останатите пет ревизии се спроведени во предвидените рокови за реализација според Годишниот план за работа, без никакви отстапувања.

Информации за извршени други активности во текот на периодот за кој се однесува овој извештај - останати активности

Согласно измените на Процедурата за набавка на стоки и услуги бр.02-4/4-9/1 од 10.03.2023 година, а по точката 5.3. Набавка на поединечни стоки и услуги над 1.800.000 денари без ДДВ, претставник од Службата за внатрешна ревизија присуствуваше на отварање на понудите и на изборот на потенцијален добавувач по спроведените јавни повици за набавка на стоки и услуги и тоа како следи:

- Јавен повик за избор на фирма за набавка на услуга – хоризонтална обработка на необработен ориентален тутун тип „Прилеп“ реколта 2024 година и реколта 2025 година со јавно отварање на понудите на ден 15.01.2025 година;
- Јавен повик за избор на фирма за снабдување и продажба на електрична енергија за период од 01.06.2025 година до 31.05.2026 година со јавно отварање на понудите на ден 25.04.2025 година;
- Јавен повик за избор на понуда за набавка на амбалажни картонски кутии со јавно отварање на понудите на ден 31.10.2025 година;
- Јавен повик за избор на фирма за превоз на тутун од реколта 2025 година од откупни пунктови до магацини на Тутунски Комбинат АД Прилеп со јавно отварање на понудите на ден 04.11.2025 година;
- Јавен повик за избор на понуда за набавка на компримиран природен гас – метан за 2026 година со јавно отварање на понудите на ден 16.12.2025 година.

Службата за внатрешна ревизија во Тутунски Комбинат АД Прилеп изготви и достави до Одборот на директори на Тутунски Комбинат АД Прилеп согласно законските одредби и Полугодишен извештај за 2025 година број 11-1340/2 од 29.07.2025 година кој беше разгледан и усвоен во целост.

Служба за внатрешна ревизија

во Тутунски Комбинат АД Прилеп

1. Мариетка Нешкоска ______________

2. Јане Локвенец ______________

„Тутунски Комбинат“ АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7